# Кодекс на однесување

## Одговорно обезбедување на ресурси за напредок

ПРВА ВЕРЗИЈА

## Содржина


Вовед од Главниот извршен директор/Одборот ..... 3
Нашата мисија, визија и вредности ..... 4
Упатство ..... 5
  Применување на Кодексот на однесување ..... 5
  Потврдување ..... 6
  Барање упатства ..... 6
Луѓето и планетата ..... 7
  Здравје и безбедност ..... 7
  Правичен третман и еднаквост при вработувањето и на работното место ..... 7
  Човекови права ..... 7
  Ангажирање со заедниците ..... 8
  Одговорност за заштита на животната средина ..... 8
  Донации и спонзорства ..... 8
Пазари и интегритет ..... 9
  Спречување поткуп и корупција ..... 9
  Работење со деловни партнери ..... 9
  Работење со државни службеници ..... 9
  Пазарни регулативи ..... 9
  Спречување перење пари ..... 10
  Судир на интереси ..... 10
Средства и информации ..... 10
  Книговодство и евиденција ..... 10
  Заштита на нашите средства ..... 10
  Доверливи информации ..... 11
  Внатрешно тргување ..... 11
  Комуникации ..... 11
Пријавување грижи или прекршувања ..... 12
  Пријавување прекршување на интегритетот ..... 12
  Дежурна линија за анонимно известување ..... 12
  Справување со наводи ..... 12
  Без одмазда ..... 12


ПРВА ВЕРЗИЈА

# Вовед од Главниот извршен директор/Одборот

Во Солвеј Инвестмент Груп имаме за цел да ја обликуваме иднината преку одговорно и одржливо искористување на минералните суровини. Како приватна меѓународна групација за рударство и метали со седиште во Швајцарија, извршуваме работни активности во различни географски области, од бујните предели на Гватемала до нерамните терени на Украина, Индонезија и Северна Македонија. Нашиот фокус првенствено е насочен кон производството на никел и бакар, но нашата цел се протега многу подалеку од екстракцијата. Ние сме архитекти на одржлив напредок, заштитници на заедниците и чувари на животната средина.

Нашата амбиција е да поставиме оперативни стандарди во нашето деловно работење кои не само што ќе ги задоволуваат барањата на регулаторните органи, туку и барањата и очекувањата на нашите заедници, клиенти и останатите засегнати страни. Ние сакаме да ги „правиме вистинските работи“ – да испорачаме материјали кои се неопходни за одржлива економија, а истовремено сакаме „да ги правиме работите на правилен начин“ со тоа што одговорно ќе ги обезбедуваме.

Очекуваме нашето раководство да биде целосно посветено и да ги прифати принципите наведени во овој Кодекс на однесување и да негува стил на лидерство преку давање позитивен пример. Усогласеноста со нашиот Кодекс на однесување претставува клучен услов за сите вработени, изведувачи и соработници на Солвеј Груп кои работат во име на Солвеј Груп – секојдневно и без каков било исклучок.

Принципите на овој Кодекс се наменети да дадат практична насока. Додека нашите основни политики, стандарди и процедури ќе даваат подетални насоки, бидејќи Кодексот на однесување не може да утврди прескриптивни правила со кои би била опфатена секоја возможна ситуација. Ова за сите нас значи дека секогаш треба да користиме добро расудување, и секогаш кога ќе се појави сомнеж, ќе треба да се запрашаме дали нашето постапување е навистина во согласност со словото и духот на овие принципи. Никогаш нема да се двоумиме да побараме совет доколку не сме сигурни за значењето на принципите во овој Кодекс на однесување.

Интегритетот на нашата компанија е одлучувачки за нашиот заеднички успех. Прекршувањето на принципите кои се наведени во нашиот Кодекс на однесување може да биде незаконско, да го наруши угледот на нашата компанија или да предизвика сериозна економска штета. Нашите деловни партнери и засегнати страни нè вреднуваат според нашето однесување и начинот на кој ги испорачуваме нашите производи и услуги. Преку примерно спроведување на принципите во овој Кодекс на однесување овозможуваме долгорочен успех на нашата компанија и позитивен придонес за иднината на нашето општество и воедно планетата.

(потпис)

**Дан Бронштајн**

**Главен извршен директор, Претседател на Одборот на директори**

**Солвеј Груп**

**Цуг, 25 април 2024 година**

Кодексот на однесување редовно ќе се прегледува и-ќе се ажурира, како што е потребно.

# Нашата мисија, визија и вредности

**Нашата мисија** е да развиеме разновидно портфолио на проекти поврзани со минерали, да ги ревитализираме осиромашените и потценети средства во оддалечените области и да создадеме просперитетни заедници преку долготраен деловен успех со помош на одржливи практики. Нашиот пристап се заснова врз искуство, интегритет, отворен дијалог и издржливост.

**Нашата визија** е да се стремиме кон позелена иднина со прифаќање на нашата улога како одговорни производители на никел и други важни материјали.

**Нашите вредности** го дефинираат начинот на кој ја вршиме деловната активност и нашето секојдневно однесување. Сите ние мора да бидеме горди на нашите достигнувања и начинот на кој ги достигнуваме. Почитувањето на нашите вредности и принципи што се наведени во нашиот Кодекс на однесување („Кодексот“) осигурува дека не само што ќе ги исполниме нашите деловни цели, туку и ќе имаме позитивно влијание врз општеството денес, оставајќи вредно наследство за утре.

### Претприемничко  и брзо одлучување

Ги вреднуваме динамичните мислители кои се брзи во своето делување и стратешки фокусирани во нивното планирање. Практикуваме култура на иновации и делување, каде што идеите можат да се реализираат во пракса. Нашиот колегијален дух поттикнува тимска работа и слободно размислување, а менувањето на брзините при разгледувањето на проблемите и решенијата, извршувањето и постојаното подобрување е вообичаен дел од еден работен ден. Како помала, приватна компанија, исчекуваме свет исполнет со можности за правење на вистинска разлика.

### Талентирани луѓе

Во Солвеј, поттикнуваме средина за соработка изградена врз основа на заеднички цели. Бараме талентирани поединци кои ја споделуваат нашата визија и можат активно да ги обликуваат нашите стратегии и работењето. Овој пристап обезбедува усогласеност и култура која ги одразува вредностите што ги негуваме: креативност, приспособливост, ефикасност, отворен ум и толеранција. Ги вреднуваме тимските играчи кои напредуваат под притисок и покажуваат одговорност, разбирање и професионалност во сите ситуации.

### Одговорни деловни практики

Се стремиме да бидеме позитивна сила за трансформација во глобалната рударска индустрија, давајќи пример за одговорни индустриски практики. Нашата цел е да бидеме пример за корпоративна одговорност, ангажирање на засегнатите страни преку отворен дијалог и активно учество во иницијативи кои промовираат одржливост и етички деловни практики.

### Интеграција на екосистемот

Интеграцијата на екосистемот и системското размислување го карактеризираат нашиот модел на деловно работење. Заедно, овие стратегии укажуваат дека го цениме холистичкиот поглед, притоа гледајќи ја големата слика за да ги оптимизираме перформансите, одржливоста и ефикасноста во целокупното работење. Рударските операции се комплексни, а успехот бара блиска соработка. Нашиот пристап се базира на креативно и логично размислување, мудро краткорочно и долгорочно одлучување, и балансирање на различни потреби за да се обезбеди одржливост на нашите проекти за сите заинтересирани страни.

### Локална автономија под глобални правила

Нашите подружници – преку строго придржување до правилата и основните принципи во нашиот Кодекс на однесување во рамките на групацијата – имаат значителна слобода да донесуваат сопствени одлуки и да испробуваат нови идеи, со целосно фокусирање кон постигнување позитивни резултати на локално ниво. Членовите на нашиот тим се агилни, прилагодливи, чувствителни на културолошките разлики и со развиена емоционална интелигенција. Тие имаат сознанија за локалните стандарди и принципи и знаат како да ги извршуваат деловните одлуки, а притоа да бидат и одговорни за нашата стратегија и политиките на целата групација.

### Иновативен начин на размислување

Солвеј привлекува смели, неуморни истражувачи кои уживаат во нови предизвици и иновации во рударскиот сектор, започнувајќи од неистражените области па сè до најнапредните технологии. Се чувствуваме горди на нашиот претприемачки дух, искористувајќи ги занемарените или потценети можности во областа на рударството, додека притоа ригорозно управуваме со ризиците. Во Солвеј напредуваат поединците кои се храбри, љубопитни, посветени имаат глобална визија. Нашата култура претставува култура која почитува различни, иновативни пристапи за унапредување на одговорно рударство.

### Автентичност пред перцепција

Нашата култура ја вреднува стручноста и практичното искуство соопштено јасно и концизно. Ние работиме врз основа на ригорозни анализи и планирања, притоа избегнувајќи неосновани претпоставки. Поединците во Солвеј комбинираат практична мудрост, солидно знаење и професионализам со напредно размислување. Ние го цениме добро истраженото квантитативно и квалитативно расудување при поддршката на значајни одлуки. Во суштина, ние сме професионалци кои се водат од податоци и докази.

## Упатство

### Применување на Кодексот на однесување

Овој Кодекс на однесување („Кодекс“) е применлив за сите наши постојани и привремени вработени лица и изведувачи, како и директорите и службениците на секоја подружница или деловен субјект со кој управува Солвеј Груп. Кога станува збор за работни операции со кои управуваат изведувачи, од раководните лица задолжени за таквите работни

ПРВА ВЕРЗИЈА

операции бараме да усвојат политики и практики кои се усогласени со Кодексот на однесување на Солвеј Груп и ги задоволуваат нашите стандарди.

## Усогласеност со законите и прописите

Ние мора да ги почитуваме важечките закони и прописи во рамки на секоја јурисдикција во која Солвеј извршува работни операции. Имаме одговорност да стекнеме доволно познавање на законите и регулативите кои се поврзани со нашите активности за да ги препознаеме потенцијалните ризици и да знаеме кога да побараме дополнителни совети.

## Поголеми очекувања од оние лица кои се на раководни позиции:

Раководителите и лидерите во нашата организација имаат клучна улога во почитувањето на овој Кодекс на однесување преку промовирање интегритет, поттикнување доверба, решавање на проблемите на вработените лица и демонстрација на однесување во согласност со Кодексот.

Покрај тоа што го живеат Кодексот во нивната секојдневна работа, од нашите раководители и лидери очекуваме:

- Да бидат проактивни и да бараат можности да разговараат и да го споделат нашиот Кодекс со другите.
- Да создадат средина каде секое лице ќе се чувствува слободно да поставува прашања и да пријави потенцијални прекршувања на нашиот Кодекс и нашите политики.
- Никогаш да не бараат од никого или да вршат притисок врз некого да стори нешто што е забрането за самите и тие да го сторат.
- Доколку управувате со трети страни, осигурете тие да го разберат стремежот кон интегритет на Солвеј и нивната улога во помагањето да се постигне истиот.

## Потврдување

Од сите вработени во Солвеј ќе биде побарано да потврдат дека го примиле и прочитале Кодексот на однесување и да потврдат дека ќе се придржуваат до истиот, како и дека се свесни на кој начин и каде можат да добијат помош. Спецификациите што се вклучени во Кодексот на однесување претставуваат дел од договорот за вработување и редовните проценки на персоналот.

## Барање упатства

Може да настанат ситуации кога можеби ние нема да биде сигурни за правилниот начин на преземање одредено дејство. Доколку имате прашања поврзани со нашиот Кодекс или конкретна ситуација, стапете во контакт со некој од подолу наведените лица:

- Вашето линиско раководство (кога станува збор за вработено лице).
- Вашиот договорен застапник на Солвеј (кога станува збор за трета страна).
- Офицерот за усогласеност на Солвеј, преку директен контакт, телефон или преку е-пошта на compliance@solway.com.
- Одделенијата за правни работи или човечки ресурси.

ПРАВА ВЕРЗИЈА

# Луѓето и планетата

*Да се живее според вредностите на Солвеј значи дека мора да ја почитуваме природата, како и нашите вработени и заедниците во кои што работиме. Наша цел е да овозможиме придобивки за нашите луѓе и заедници и да управуваме со заедничките ресурси на рационален и одржлив начин.*

## Здравје и безбедност

Безбедноста и здравјето на нашите вработени, изведувачи и заедниците каде што работиме е наша примарна одговорност. Посветени сме кон обезбедување на безбедни услови за работење и контролирана работна средина каде што не постојат неприфатливи ризици од повреди и негативни влијанија врз здравјето.

- Се залагаме за безбедност и благосостојба на вработените, изведувачите и заедниците.
- Очекуваме сите вработени да бидат способни за извршување на работните задачи по пристигнувањето и за време на нивната работна смена. Забрануваме употреба на алкохол, опојни дроги или лекови на рецепт кои можат да влијаат врз способноста на работникот за работа или врз безбедноста и здравјето на другите работници.
- Вршиме проценка за изложувањето на ризик поврзан со здравјето и безбедноста на заедниците, се обврзуваме заедниците да ги разберат здравствените потреби и воспоставуваме соодветни програми и системи за следење и евалуација.
- Никогаш не преземаме небезбедна работа активност или не дозволуваме на другите да го сторат истото.

## Правичен третман и еднаквост при вработувањето и на работното место

Ја вреднуваме различноста и правично се однесуваме кон сите вработени лица и изведувачи, обезбедувајќи еднакви можности на сите нивоа во организацијата. Не толерираме никаков облик на дискриминација, вознемирување или какво било малтретирање на нашите работни места.

- Ние ги препознаваме и поддржуваме правата на безбедно работно место за нашата работна сила, колективно претставување, правичен надоместок и можности за развој.
- Ја поддржуваме и промовираме нашата посветеност кон различни работни места без никаква форма на вознемирување и насилство.
- Ние ги вработуваме, развиваме и унапредуваме нашите луѓе врз основа на вештини, квалификации и способности поврзани со работата без никаква пристрасност според расата, националноста, религијата, полот, возраста, сексуалната ориентација, попреченоста, политичкото или друго мислење или каква било друга пристрасност.

## Човекови права

Суштински сме посветени на почитување на човековите права, во согласност со Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации и Водечките принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права, ВОПН (*United Nations Guiding Principles on Business and Human Rights, UNGP*).

- Ги признаваме традиционалните права на заедниците и локалното население, практикуваме чувствителност на културолошките разлики и го признаваме правото за одржување на сопственото културно наследство, идентитет, традиции и обичаи.
- Ние го штитиме достоинството, основните слободи и човековите права на нашите вработени, деловни партнери и заедниците во кои живееме и работиме. Ги

почитуваме сите поединци со кои имаме воспоставено деловни односи преку нашите активности.
- Заедно со нашите засегнати страни се залагаме целосно да го разбереме опсегот на потенцијалните влијанија од нашите работни активности врз човековите права.

## Ангажирање со заедниците

Се стремиме да изградиме меѓусебно корисни и значајни долгорочни односи засновани врз почитување со заедниците домаќини каде што работиме. Нашата цел е да бидеме доверлив партнер и позитивно да придонесеме кон животниот стандард на околните заедници и луѓе, притоа минимизирајќи ги потенцијалните негативни влијанија.

- Заедно со нашите засегнати страни се залагаме за двонасочен, отворен дијалог, без разлика на нашата локација.
- Ги слушаме поплаките покренати од членовите на заедницата и одговараме соодветно на истите.
- Сакаме да придонесеме за општествениот и економскиот развој на заедниците поврзани со нашите работни активности и се трудиме да создадеме вредности за општеството кои не подразбираат само отворање на работни места и плаќање даноци.

## Одговорност за заштита на животната средина

Водиме грижа за животната средина и одржувањето на добри услови за живот за идните генерации. Постапуваме одговорно кон нашата животна средина. Ќе користиме технологии и пристапи за ефикасно користење на електричната енергија, водата, управување со штетните емисии во воздухот, водата и почвата, во областите на влијание кои можат да бидат засегнати од нашите активности.

- Нашиот пристап за управување со животната средина – од истражување до развој, извршување работни активности и затворање – се заснова врз разбирање на нашите влијанија како и идентификација, проценка и контрола на ризиците.
- Настојуваме да ги спроведуваме нашите деловни операции и активности на начин со кој ќе се избегнуваат, минимизираат, надоместуваат или ревитализираат нашите влијанија врз воздухот, водата, земјата и биолошката разновидност.
- Ние постапуваме одговорно кон животната средина и се стремиме да го зачуваме долгорочното здравје, функција и одржливост на природните средини кои се засегнати од нашите работни активности.

## Донации и спонзорства

Донациите претставуваат дел од посветеноста на Солвеј кон општеството и начинот на придонес за добротворни цели. Спонзорствата претставуваат важен елемент од надворешните корпоративни комуникации на Солвеј за зајакнување на нашиот бренд. Донациите и спонзорствата се важна компонента од нашата посветеност кон нашите заедници.

- Кога поддржуваме организации и проекти преку корпоративни донации, ние сакаме да придонесеме за легитимни и реномирани каузи. Не очекуваме и не прифаќаме ништо за возврат и осигуруваме дека добротворните донации никогаш нема да користат за политички цели.
- Нашите активности за спонзорирање – како дел од промовирање на брендот Солвеј Груп и подобрување на препознатливоста на компанијата – никогаш не може да се доведат во врска со никакво барање или стекнување на несоодветна деловна предност.

ПРЕВОД ИЛИ ВЕРЗИЈА

# Пазари и интегритет

## Спречување поткуп и корупција

Коруптивното постапување е спротивно на вредностите на Солвеј Груп и истото е незаконито. Усогласеноста со локалните, националните и меѓународните закони за спречување корупција е од суштинско значење со цел да се заштити нашиот углед и да се зачува нашата лиценца за работење.

- Не ветуваме или овозможуваме, директно или индиректно, давање парични средства или вредни предмети на клиентите, добавувачите или други страни со цел да влијаеме врз одлуките или да стекнеме каква било несоодветна деловна, финансиска или лична предност. Овој принцип се применува и во обратна насока, така што ниту еден поединец кој дејствува за сметка или во име на Солвеј Груп во нивните зделки со трети страни не може да прифати нешто вредно со намера да стекне или понуди каква било несоодветна предност.
- Се воздржуваме од плаќања заради олеснување, освен доколку не постои непосредна закана врз здравјето, безбедноста или физичката благосостојба на некое лице.
- Подароците, забавата или гостопримството секогаш мора да бидат скромни, соодветни на конкретниот контекст и повремени. Ние никогаш нема да ги користиме горенаведените работи за да влијаеме врз одлуките или да стекнеме несоодветна предност кај државен службеник или деловни партнери.

## Работење со деловни партнери

Ние се потпираме на меѓусебно корисни односи со нашите деловни партнери за да ги постигнеме нашите деловни намери. Заедно со нашите партнери пронаоѓаме иновативни решенија и создаваме континуирани, ефикасни синџири на снабдување.

- Избираме деловни партнери кои ги споделуваат нашите вредности и ги почитуваат сите важечки закони.
- Применуваме пристап заснован врз ризик со цел да го процениме интегритетот на сите деловни партнери за да се увериме дека не постојат грижи во врска со интегритетот и нема да воспоставиме деловен однос кога постои сомневање за интегритетот на деловниот партнер.
- Ние ќе ги водиме деловните активности единствено со партнери кои се вклучени во легитимна деловна активност и чии средства се добиени од легитимни извори. Секогаш сме запознаени со потеклото на средствата од нашите деловни партнери.

## Работење со државни службеници

Нашите вработени лица мора особено да внимаваат кога комуницираат со државните службеници, за да се осигури дека секогаш се придржуваме до важечките закони и прописи и ги следиме нашите сопствени политики.

- Ги разбираме правилата што важат кога се соработува со државни службеници, и таквите правила се построги во споредба со оние кои се однесуваат на соработка со приватни лица.
- Солвеј Груп не дава финансиски средства или донации на политички организации, партии или индивидуални политичари.

## Пазарни регулативи

Ние се натпреваруваме правично и постигнуваме конкурентни предности преку супериорна изведба. Никогаш не се впуштаме во однесување кое овозможува нелојална конкуренција, ниту во неетички или нелегални пазарни практики.

ПРЕВЕДЕНО

- Ја одржуваме нашата независност во односите со трети страни, вклучително и во врска со цените, активностите за маркетинг и продажбата и не се вклучуваме во какви било дејства кои разумно би можеле да се толкуваат како нелојална конкуренција, навреда или неправичност.
- Не смееме да бараме информации за конкурентите преку незаконски практики и мора да се воздржуваме од давање лажни или погрешни изјави за нашите конкуренти или нивните услуги.

### Спречување перење пари

Солвеј е посветен на одржувањето на интегритетот на меѓународниот финансиски систем и недвосмислено се спротивставува на перењето пари во какви било облици. Перењето пари вклучува прикривање на незаконски стекнати средства или користење легитимни извори со цел финансирање криминални или терористички активности.

- Ние соработуваме единствено со поединци или деловни субјекти со познат интегритет.
- Стапуваме во деловни односи со клиенти или добавувачи единствено доколку истите се ангажирани во законски деловни активности и користат легитимни средства.

### Судир на интереси

Избегнувањето судир на интереси (без разлика дали е вистински, потенцијален или видлив) осигурува дека сите деловни одлуки ќе се носат во најдобар интерес на Солвеј. Судирот на интереси може да настане кога личниот интерес на едно лице претставува конкуренција на деловните интереси на Солвеј.

- Мора да осигуриме дека секогаш ќе постапуваме во најдобар интерес на нашата компанија и ќе бидеме внимателни кога ќе се нарушат границите помеѓу професионалните и приватните интереси.
- Ние проактивно ќе ги откриеме сите потенцијални или реални ситуации на судир на интереси на нашиот тим за глобална усогласеност.

## Средства и информации

### Книговодство и евиденција

Ќе водиме транспарентни, точни и комплетни финансиски книги и деловна евиденција. Нашето книговодство и евиденцијата мораат точно и правично да ги одразуваат нашите трансакции со доволно детали и во согласност со нашите сметководствени практики и политики. Целокупното книговодство и евиденција мораат да бидат достапни и пристапни за одборот на Солвеј, како и за ревизија на друштвото.

Интегритетот и точноста на овие евиденции ја формираат основата за известување до акционерите, инвеститорите, доверителите, државните институции и другите засегнати страни.

- Ние ги евидентираме трансакциите и деловните одлуки во детали со соодветна придружна документација.
- Ги задржуваме евиденциите како што се бара според локалното законодавство.

### Заштита на нашите средства

Сите ние имаме обврска да го заштитиме имотот на Солвеј и да преземеме одговорност за интегритетот на средствата на нашата компанија. Несоодветната употреба на технологијата или податоците може да ја изложат нашата компанија на ризици, вклучувајќи вируси, нарушување на безбедноста, кражба или загуба на имотот на Солвеј или нарушување на угледот.

ПРВА ВЕРЗИЈА

- Ние очекуваме нашите вработени да преземат одговорност за средствата на компанијата и да осигурат дека истите се користат за целта за која се предвидени, како и да ги заштитат од кражба, злоупотреба и отфрлање.
- Развојот и заштитата на интелектуалната сопственост овозможува на Солвеј Груп да извлече конкурентна вредност од инвестирањето во иновации. Овие средства мора да бидат заштитени со истата строгост како и нашите физички средства.
- Истовремено, ние мора да ги почитуваме правата на интелектуална сопственост на другите. Неовластената употреба на туѓа интелектуална сопственост може да ги изложи Солвеј Груп и персоналот на правни дејства и штети, вклучувајќи парични и кривични казни.

## Доверливи информации

Ја почитуваме приватноста на податоците, ги чуваме доверливите деловни и лични информации и ја зголемуваме нашата свест за заканите поврзани со кибернетичката безбедност.

- Ние мора секогаш да ја почитуваме приватноста на деловните партнери и вработените лица и да преземеме неопходни мерки за да осигуриме интегритет, доверливост и безбедност на податоците.
- Ние споделуваме доверливи информации со други лица единствено доколку истите имаат легитимна деловна потреба да ги знаат таквите информации и потпишуваме договори за неоткривање пред да се споделат таквите информации.
- Вработените кои предлагаат да се соопштат доверливи информации на кое било лице надвор од Солвеј Груп мора претходно да го информираат правниот советник на Солвеј Груп.

## Внатрешно тргување

Солвеј Груп се труди да ја зачува доверливоста на нејавните информации кои би можеле да предизвикаат чувствителност на цените и да спречи злоупотреба на таквите информации.

- Внатрешните и доверливите информации треба да бидат безбедни и заштитени, без разлика дали истите се однесуваат на нашата компанија или деловните партнери.
- Внатрешните информации не се користат никогаш освен за целите на дефинирана улога во компанијата. Никогаш не смееме да користиме внатрешни информации за да купуваме, продаваме или работиме со хартии од вредност – или да обезбедиме каква било друга лична или деловна предност со таквите информации – ниту пак треба да ги откриваме овие информации пред друго лице.

## Комуникации

Ние комуницираме точно и доследно. Како меѓународно активна компанија, од нас се очекува информациите да ги споделуваме навремено, точно, доследно, целосно и правично со цел нашите засегнати страни да можат да донесат одлуки врз основа на таквите информации.

- Само овластените лица имаат право да соопштуваат корпоративни информации до надворешни канали во име на Солвеј Груп. Односите со медиумите, инвеститорите и јавните институции се задача исклучиво на раководните лица и одделенијата за комуникации и односи со инвеститори на Солвеј Груп.
- Секогаш внимаваме кога користиме лични профили на социјалните мрежи и никогаш не оставаме впечаток, дури ни индиректен, дека објавуваме во име на Солвеј.

ПРАВЕРЗИЈА

# Пријавување грижи или прекршувања

## Пријавување прекршување на интегритетот

Доколку станете свесни за ситуација за која знаете или се сомневате дека го прекршува нашиот Кодекс, политиките на Солвеј, локалните политики или законот, Ве охрабруваме да пријавите кај некој од лицата на следните позиции:

- Вашиот надреден.
- Директно на офицерот за усогласеност на Солвеј, преку е-пошта на cco@solway.ch или преку пошта.
- Кое било друго лице од доверба во Солвеј
- Во зависност од природата и локацијата на загрижeноста, извештаите може да се доставуваат и до „Дежурната линија за анонимно известување“.

## Дежурна линија за анонимно известување

Дежурната линија за анонимно известување е управувана од независна трета страна и е достапна 24 часа дневно, 7 дена во неделата. Повиците или е-поштата до оваа линија никогаш не се снимаат или следат. Секоја информација ќе се третира колку што е можно подоверливо. Споделувањето на Вашиот идентитет при пријавувањето ќе помогне Солвеј да спроведе најтемелна возможна истрага. Доколку Ви е непријатно да се идентификувате, може да пријавите анонимно. Без разлика на изборот во врска со начинот на пријавување, сите извештаи за вистински или сомнително недолично однесување ќе бидат сфатени сериозно и веднаш ќе бидат истражени. Соодветниот персонал внимателно ќе ги провери сите извештаи и Солвеј ќе спроведе соодветни дејства.

## Справување со наводи

Солвеј Груп сериозно ги сфаќа сите грижи или наводи кои се покренати, под услов истите да бидат направени со добра намера. Наводите се испитуваат за потенцијално неетичко или незаконско однесување во согласност со локално важечкиот закон и нашите внатрешни политики и процедури. Доколку е потребно ќе бидат спроведени корективни мерки. За да се поддржи овој процес, се очекува од сите лица да соработуваат во истрагата.

## Без одмазда

Со цел да ја одржиме нашата култура на доверба и интегритет, Солвеј гарантира дека сите пријавени загрижености ќе бидат третирани доверливо. Солвеј строго забранува одмаздничко однесување кон секој што ќе пријави можно прекршување со добра намера. Известувањето со добра намера значи дека ги наведувате сите познати информации и верувате дека истите се вистинити. Сепак, доверливоста може да не биде применлива или може да се отфрли во случаи кои вклучуваат свесно искажани лажни обвиненија или свесно сторено кривично дело. Поединците кои ќе се одмаздат на лицето кое известува со добра намера или учествува во истрагата, ќе бидат предмет на дисциплински мерки, како и раскинување на работниот или деловниот однос. Доколку верувате дека сте изложени на одмазда, консултирајте се со една од страните наведени во „Барање упатства“ погоре, која сметате дека сериозно ќе ја сфати Вашата загриженост.

**СОЛВЕЈ ГРУП**
Барерштрасе 8
6300 Цуг
Швајцарија
+41417400400
media@solway.ch